Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-4338/1 од 11.09.2023 година, оформен по пријава со наводи против --- во врска со јавна набавка ---, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што предметните наводи не се потврдуваат.

Предметот со број 12-4338/1 од 11.09.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 11.09.2023 година, доставена е пријава заведена под број 12-4338/1 по која е оформен предмет со наводи против ---, во врска со јавната набавка по оглас број --- за ---.

Во пријавата подносителот бара ДКСК да ги преиспитува критериумите по кои се утврдени цените за пакување и дистрибуција, како и дали меѓу договорниот орган и фирмата со која е склучен договорот, постојат коруптивни односи.

Воедно со пријавените наводи се бара и одговорност од директорот --- и заменикот ---.

По разгледување на предметните наводи, а во насока на утврдување на фактичката состојба, ДКСК писмено се обрати до --- за изјаснување по наводите на пријавата како и до ---.

Во одговорот доставен од страна на --- е наведено дека јавната набавка е превидена во годишниот план на институцијата и за истата се предвидени средства за реализација на набавката согласно годишниот буџет на институцијата.

Дополнително се истакнува во одговорот дека работните процедури се во согласност со Рамковната спогодба помеѓу Владата на РСМ и Комисијата за ЕЗ за правилата за соработка во врска со финансиската помош на ЕК на РСМ во рамки на имплементацијата на помошта преку инструментот за пред-пристапна помош (ИПА); Секторската спогодба помеѓу Владата на РСМ и Комисијата за ЕЗ за правилата за соработка во врска со финансиската помош на ЕК на РСМ и имплементација на помошта за компонента V од ИПА

инструментот и Финансиската спогодба помеѓу Комисијата на Европските Заедници во име на Европската Заедница и Владата на РСМ (Меѓународни сметсководствени стандарди за јавен сектор).

Согласно наведеното, а видно од доставениот одговор ДКСК констатира дека предметната набавка се спроведува согласно Годишниот план за јавни набавки почнувајќи од 2015 година, а во делот на утврдената проценета вредност од година во година нема големи разлики.

Во одговорот на --- се наведува дека согласно надлежностите утврдени во член 45 став 1 од Законот за јавните набавки, --- врши управна контрола за случаите утврдени во член 172 став (3) и (4) од законот.

Во врска со предметната набавка, --- известува дека конкретната постапка --- од огласот број ---, спроведен од ---, не била предмет на управна контрола согласно член 172 став 4 од Законот за јавните набавки.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што предметните наводи не се потврдуваат и одлучи како во диспозитивот на ова одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: А.С
Одобрил: Н.Б

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**